## ПРИЈАВУВАЊЕ на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во учебната 2024/2025 година

Пријавувањето на кандидатите за упис на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во учебната 2024/2025 година во **третиот уписен рок** ќе се врши во **Одделението за студентски прашања на 27.9.2024 г. од 8:30 до 15:30 часот**.
**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат **треба да се регистрира на upisi.ukim.mk и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот.**
Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во **пријавниот лист** што се поднесува при пријавувањето на Факултетот.

### Упатство за регистрирање и пополнување на електронската пријава во iKnow-системот

1. Отворете ја веб-страницата upisi.ukim.mk
2. Отворете кориснички профил следејќи го линкот „Регистрирај се“, дури и ако сте се регистрирале во минатите уписни рокови, бидејќи корисничките имиња се избришани. Откако еднаш ќе отворите кориснички профил, при секое најавување во системот, користете го истото корисничко име и лозинка - не отворајте нов профил.
3. Најавете се на upisi.ukim.mk и пополнете ја вашата електронска пријава. Пријавата можете да ја менувате во целост сѐ додека не кликнете на копчето ПРАТИ.

iKnow-системот upisi.ukim.mk овозможува **автоматско генерирање** на дел од потребните документи: интерен пријавен лист, универзитетски пријавен лист и изјава за национална припадност, изјава за согласност за користење на лични податоци, врз база на внесените податоци на кандидатот. Кандидатите треба да ги отпечатат документите и да ги донесат на Факултетот на денот на пријавувањето.

## ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

**Документите се поднесуваат во Одделението за студентски прашања на Факултетот**
**Заради поефикасно пријавување, Ве молиме, уплатите да ги извршите во локалните банки**

**1. Пријавен лист** (Образец А1 – се купува од книжарницата на Факултетот и се пополнува на денот на пријавувањето)
**2. Електронска пријава** (во iKnow-системот upisi.ukim.mk)
**3. Оригинални свидетелства од сите класови***
**4. Документ за положена државна или меѓународна матура** (оригинално свидетелство за завршено средно образование)*
**5. Извод од матична книга на родените** (оригинал + копија)

**6. Доказ за државјанство на Р. Северна Македонија** (уверение или решение) (оригинал)
**7. Административна такса во износ од 50,00 денари (Образец ПП50: Назив на примачот: Трезорска сметка-Скопје; Банка на примачот: НБРСМ; Трансакциска сметка 100-0000000-630-95; Уплатна сметка 840-XXX-03161; Конто 722313 00)** (види примерок-уплатница / види ознаки за општините)
**8. Уплатница за уплатени 300 денари** на жиро сметка на Филолошки факултет „Блаже Конески“ за конкурирање на студиските програми без проверка на знаења и умеења (види примерок-уплатница)
**9. Интерен пријавен лист и Универзитетски пријавен лист** (се печатат од електронската пријава на iKnow-системот upisi.ukim.mk)
**10. Изјава за национална припадност** (се приложува само ако во свидетелствата и во дипломите не е наведена националната припадност - се печати од електронската пријава на iKnow-системот upisi.ukim.mk)
**11. Изјава за согласност за користење на лични податоци** (се печати од електронската пријава на iKnow-системот upisi.ukim.mk)
**12. Изјава за согласност за кофинансирање на студииите** (линк за преземање)

Кандидатите кои конкурираат за **ВОНРЕДНО СТУДИРАЊЕ** освен горенаведените ги поднесуваат и следните документи:
**-** Нотарски заверен **Образец М1/М2** или
**- Лекарско уверение** од Студентската поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатите кои конкурираат за упис, а остваруваат право согласно **Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РСМ и членовите на нивните семејства** (**1.** припадникот на безбедносните сили, **2.** децата на загинат или починат припадник и **3.** децата на воен инвалид од I до VII група **воен инвалидитет**) и со **Законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Р. Северна Македонија и на членовите на нивните семејства** покрај горенаведените документи при пријавувањето поднесуваат и документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи.

*** Дополнителното доставување документ за овие кандидати не се зема предвид.**

**Кандидатите кои конкурираат за некоја од наведените категории: лица без родители, лица од прв и втор степен на инвалидност, воени инвалиди или лица растени во домови за напуштени деца** треба да достават соодветна документација и тоа:

- за лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители до 26-годишна возраст, доколку се невработени (потврда од надлежниот центар за социјална работа и потврда од Агенцијата за вработување);
- за лица со инвалидност, согласно Уредбата која ја донесува Владата (се докажува со Наод и мислење на службата за функционална проценка при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје и со Решение од Центарот за социјална работа за видот и степенот за попреченоста)
- за родител на дете до 6 годишна возраст, доколку е невработен (се докажува со извод од матична книга на детето и Потврда за евидентирано невработено лице)
- за воени инвалиди (се докажува со Решение за Министерството за труд и социјална политика – Управа за прашања на борците и воените инвалиди)
- за лице растени во домови за напуштени деца до 26-годишна возраст, доколу се невработени (Потврда од дом и Потврда за евидентирано невработено лице)
* Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до 10% од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот.

**-** За останатите категории кандидати се применуваат одредбите од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025 година
При евентуални технички проблеми при пријавувањето пишете на: ekts.sluzba@gmail.com

Потсетување:
Документите се поднесуваат во Одделението за студентски прашања на Факултетот.
Заради поефикасно пријавување, Ве молиме, уплатите да ги извршите во локалните банки.